# ПРИНЦИПОТ НА ОПОРТУНИТЕТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

-Теоретско излагање и практични примери од работата на судот

**Предавач**

**д-р Верка Костовска**

1 Начело на легалитет

2. Начело на опортунитет

3.Начело на мутабилитет

# Начело на легалитет

Чл.18 од Закон за кривична постапка

Јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење ако постојат докази дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

Стварни основи

Правни основи

# Начело на опуртунитет

- Поим
- Правна рамка
- Препораки од меѓународното право -Препорака бр.Р(87)18 Комитет на Министри при Советот на Европа

# Поим

***Легалитет*** - обврска и должност на Јавниот обвинител

- Јавниот обвинител  е должен да преземе кривично гонење за кривично дело за кое се гони по службена должност секогаш кога се исполнети определени законски услови, без оглед на тоа дали лично е уверен во целесообразноста и корисноста на кривичното гонење во определен случај. Тоа значи, дека секогаш кога постои веројатност за примена на некоја кривична санкција врз сторителот на кривичното дело за кое се гони по службена должност, ако не постојат законски пречки, јавниот обвинител е должен да го презема кривичното гонење.

***Опортунитет*** - исклучок - дискреционо право и можност на Јавниот обвинител

- Јавниот обвинител не мора да преземе кривично гонење ако смета дека кривичната постапка и казнувањето на престапниците односно примената на кривичноправните санкции во конкретниот случај не би било целисходно, при што се раководи од интересот што гонењето ќе го предизвика во јавноста, значајноста на кривичното дело, висината на сторената штета, фактот што штетата е надоместена и друго
- Се води сметка како за индивидуални така и за општествениот интерес..

# Видови опортунитет во зависност од основот за примена

Примена на начелото на опортунитет во зависност од тежината на кривичното дело, а ценето од аспект на пропишаната санкција,

Примена на начелото на опортунитет кое за основ има како тежината на кривичното дело ценето од аспект на пропишаната кривична санкција  така и од аспект на држењето-однесувањето на сторителот по извршување на дејствието на кривичното дело

Личноста на сторителот на кривичното дело, тежината на новоизвршеното кривично дело и статусот на извршителот во однос на поранешното извршено кривично дело ( статус се мисли на степенот на соработка  со државните органи за откривање или спречување на  на нови кривични дела.

# Посебен вид опортунитет во постапка спрема деца

- Согласно Законот за правда за деца:
  - *да се одложи поведувањето на постапка*
  - *да не поведе постапка (кога се исполнети законски основи и кога ќе оцени  дека тоа не е целесообразно)*

# Услови за примена на начелото на опортунитет



# Цели на примена на  начелото на опортунитет

- Цел на казнување
- Ефикасност
- Растеретување
- Економичност

Целисходност

Целисходноста како општ услов

Примена на начелото на опортунитет во ЗКП

- чл.43 -условен опортунитет
- чл.44 - чист опортунитет

# Оправданост од примена на начелото на опортунитет од аспект на работата на судовите



# Воведувањето на алтернативите на казната лишување од слобода во нашето кривично процесно право

- Е резултат на донесувањето на стандардните минимални правила на ОН за вонзаводски мерки усвоени од Генералното собрание на ОН на 14 декември 1990 година и Европските правила за алтернативни санкции и мерки применувани во заедницата донесени со Препорака Р /92 на Советот на Европа од 19 октомври 1992 година, а прифатена од Министерскиот комитет на заменици министри. Наведените правила содржат широк спектар на незатворски мерки кои треба да овозможат имплементација на алтернативни мерки на казната лишување од слобода.

# БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО

# ПРАШАЊА